Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-551/3
16-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-551/1 од 9.8.2024 година, поднесена од [redacted], со седиште на [redacted] во Скопје, против Општина Карбинци, за сторена дискриминација врз основа на национална и етничка припадност, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ЗАПИРА** постапката заведена под архивски број 08-551 од 9.8.2024 година заради повлекување на претставката од страна на подносителот [redacted]

**Образложение**

На ден 9.8.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална и етничка припадност од страна на [redacted] против Општина Конче.

Подносителот на претставката на ден 12.8.2024 година, со писмен поднесок заведен под број 08 – 551/2, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ја повлекува поднесената претставка заради поднесување на нови претставки со ажурирана содржина.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје
16.8.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]